Врз основа на член 8 став 1 точка 1, член 20, 21 и 22 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 52/93) и Законот за Здруженија на граѓани и фондации (Сл. Весник на РМ број 52 од 16.04.2010), Собранието на Здружение ЛИДЕРИ ЗА ЕДУКАЦИЈА, АКТИВИЗАМ И РАЗВОЈ Скопје, на ден 11.03.2019 година, го донесе следниот:

# СТАТУТ
# НА
# **Здружение ЛИДЕРИ ЗА ЕДУКАЦИЈА, АКТИВИЗАМ И РАЗВОЈ Скопје**

LEAD

Leaders for Education, Activism and Development

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Здружение ЛИДЕРИ ЗА ЕДУКАЦИЈА, АКТИВИЗАМ И РАЗВОЈ Скопје е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско Здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања за унапредување на граѓанското општество и локалните заедници, како и заради вршење на дејности и активности за поттикнување на моралните вредности, зајакнување на меѓуетничките односи и економски развој на територијата на Македонија и пошироко, а во согласност со Уставот и Законот.

**Член 2**

Целиот назив на Здружението е: Здружение ЛИДЕРИ ЗА ЕДУКАЦИЈА, АКТИВИЗАМ И РАЗВОЈ Скопје

Скратениот назив на Здружението е: ЛЕАД

Меѓународниот назив на Здружението е: Association Leaders for Education, Activism and Development

Скратениот меѓународен назив на Здружението е: LEAD

**Член 3**

Седиштето на Здружението е во Скопје, на бул. „Трета македонска бригада" 23-2, Скопје.

Здружението се организира и делува на цела територија на Македонија.

**Член 4**

Здружението има својство на правно лице со права, обврски и одговорности кои произлегуваат од Уставот на Република Македонија, Законот за Здруженија и фондации и останатите позитивно-правни прописи на Република Македонија, Статутот и интерните акти на Здружението

За своите обврски Здружението одговара со целокупниот свој имот и средства.

**Член 5**

Здружението е непартиско и непрофитно, не се води од комерцијални интереси, односно не е основано за стекнување на добивка.

Здружението остварува активности со кои се стекнува добивка, при што приходите, имотот на организацијата се користат единствено за остварување на нејзините цели и истите не смеат да се делат помеѓу членовите од Здружението без оглед дали лицето е основач, член, вработен или член на раководните органи, согласно Законот за Здруженија и фондации.

Членовите на организацијата не смеат да се стекнуваат со материјални добра врз основа на својата позиција дури ни по распуштање на Здружението.

Приходите, материјалните средства, ниту имотот не смее ниту директно ниту индиректно, како позајмување, дивиденда, бонус или профит да се префрлаат на индивидуалните членови и на вработените

**Член 6**

ЛЕАД е невладина, доброволна, независна асоцијација на граѓани, која е формирана со слободно здружување на граѓаните заради промовирање и остварување на целите и задачите наведени во овој Статут.

Здружението остварува соработка и одржува врски со што е можно поголем број слични организации од земјава, Балканот, Европа и светот, користејќи ги нивните позитивни искуства.

Здружението може да се поврзува или здружува со сојузи или во други облици на поврзување или здружување, заради заедничко унапредување на својата работа и дејности, за усогласување на посебните и заедничките интереси во областа за која е основано, како и за други прашања од заеднички интерес, а согласно Уставот и Законот.

**СИМБОЛ НА ЛЕАД**

**Член 7**

Симболот на Здружението се состои од латиничните букви Л, Е, А и Д, низ кои поминува стрелка во десна насока.

**ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ**

**Член 8**

Здружение ЛИДЕРИ ЗА ЕДУКАЦИЈА, АКТИВИЗАМ И РАЗВОЈ Скопје има свој печат со кружна форма и пречник од 4 цм, во кој што се наоѓа симболот на ЛЕАД. Над знакот со кирилично писмо е испишан текстот: ЛЕАД, додека под знакот со латинично писмо е испишан текстот: LEAD.

**Член 9**

Штембилот на Здружение ЛИДЕРИ ЗА ЕДУКАЦИЈА, АКТИВИЗАМ И РАЗВОЈ Скопје е со правоаголна форма и димензии 4.5x2.5 цм, со текст: Лидери за едукација, активизам и развој Скопје, а под него „Број", „Датум" и „Место".

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЛЕАД**

**Член 10**

Мисијата на ЛЕАД е да ги детектира и да дава одговор на состојбите и потребите на младите во општеството, преку креирање институционални промени, граѓанска едукација, поттикнување на граѓански активизам и нудење простор за личен и социјален развој.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ
СКОПЈЕ
БРОЈ 6

**Член 11**

Цели на ЛЕАД се:

- Промовирање и практиквување на неформално образование;
- Креирање на програми за работа со млади;
- Изработување на истражувања кои детектираат актуелни потреби;
- Креирање на програми за општествена одговорност;
- Вклучување на млади во процеси на донесување на одлуки;
- Изработка на модели за институционално зајакнување;
- Промовирање на соработка помеѓу граѓани од различни етнички групи;
- Поттикнување на личен, професионален и економски развој кај млади и возрасни;

- Промоција и практикување на социјално претприемништво како алатка за одржлив развој;
- Поттикнување на размена на знаење, вештини и искуства помеѓу млади и возрасни.

**Член 12**

Во остварување на наведените цели, ЛЕАД ги застапува интересите на граѓаните во Р. Македонија без разлика на нивната социо-економска положба, пол, раса, етничка и културна припадност, политички и верски верувања, сексуална ориентација, родов идентитет или било кој друг облик на разликување.

**Член 13**

Преку остварување на наведените цели, Здружението се стреми кон постигнување состојба во којашто младите, во партнерство со возрасните, активно учествуваат во општествените процеси, преземаат лична одговорност за моменталната состојба и преку континуиран личен развој придонесуваат за подобро општество.

**ОСНОВНИ ВРЕДНОСТИ**

Основни вредности на ЛЕАД се:

- Лична одговорност:
    - За средината во која живеам;
    - За работите за кои се нафаќам;
    - За состојбата во која се наоѓам.
- Амбициозност:
    - Секогаш се трудам да постигнам повеќе од она што се бара и што се очекува од мене.
- Самоиницијативност:
    - Ги прифаќам и учам од своите грешки и конфликти;
    - Сам се грижам за својот личен развој, без да очекувам да добијам знаење од другите.
- Креативност:
    - Секогаш размислувам „надвор од кутијата";
    - Иновативност.

**ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА**

**Член 14**

Органи на ЛЕАД се:

- Собрание
- Управен одбор
- Извршен одбор
- Програмски директор

**Член 15**

**Собрание**

Собрание е највисокото тело на Здружението. Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Собранието го сочинуваат основачите на организацијата, како и лица кои се вклучиле во работата на ЛЕАД во изминатата година пред одржување на седницата на Собранието, а се од следниве профили: ученици од средните училишта, студенти од универзитетите во Р. Македонија, лица кои имаат искуство во работа со млади, лица вработени во јавниот сектор, лица од бизнис заедницата, родители.

Листата на членови на Собрание се дефинира и усвојува од страна на Управниот одбор, најмалку 30 дена пред одржување на седница на Собранието на ЛЕАД. Откако ќе се дефинира листата, веднаш се испраќа известување до констатираните членови на Собранието.

Доколку бројот на членови на Собрание надмине 20 члена, Управниот одбор носи одлука за бројот на членови.

**Член 16**

Седниците на Собранието ги свикува и води Претседателот на Здружението и тоа најмалку 20 дена пред нејзиното одржување. Во отсуство на Претседателот, собранието го води член на Управниот одбор. Работата на Собранието се уредува со деловник. Седница на Собранието може да свика и Управниот одбор со донесување на одлука, најмалку 1/5 од членовите на Собранието или по барање на Извршниот директор на Здружението.

Доколку во рок од 10 дена од барањето за свикување на собранието, не е свикана седница, седницата ја свикува Управниот одбор или Извршниот директор.

Седницата на Собранието се свикува по електронски пат, со испраќање на електронска пошта до членовите на Собранието, согласно Листата на членови на Собрание.

Седница на Собранието може да се одржи доколку на истата се пристуни најмалку 50%+1 од вкупниот број членови на Собранието.

За работата на Собранието се води записник што го потпишуваат претседавачот на седницата и двајца заверувачи на записник

**Член 17**

Собранието, по правило, работи на отворени седници.

Одлуките се донесуваат со просто мнозинство (50%+1) гласови од присутните членови, освен во случај на статусни промени, кои се носат со најмалку 2/3 мнозинство на гласови од присутните членови.

Донесувањето на одлуки е со јавно гласање, со исклучок на изборот за Управен одбор, кога гласањетое е тајно.

Собранието може да одлучи изборите да ги врши со јавно гласање, со претходно донесена поединечна одлука за таков избор, со просто мнозинство, на истиот начин Собранието може да одлучи кон тајно гласање во врска со определено прашање, со мнозинство гласови од пристниот број на членови на Собрание.

**Член 18**

Собранието на Здружението ги има следните надлежности:

- Усвојува Статут на Здружението и врши дополнувања и измени на истиот;
- Ја усвојува годишната програма за работа и дава насоки за реализација на истата;
- Ги усвојува наративниот и финансискиот годишен извештај за работата на Здружението;
- Ги избира и разрешува членовите на Управниот одбор;
- Одлучува за внатрешната организација и организациските форми на органите на Здружението;
- Дава насоки за работењето на Здружението;
- Усвојува стратегија за работа на Здружението;
- Донесува одлука за пристапување на Здружението во национални и меѓународни организации и сојузи;
- Одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на Здружението;
- Донесува одлука за престанок на Здружението со двотретинско мнозинство од сите членови;
- Врши и други работи кои произлегуваат од овој Статут или кои се уредени со закон и други прописи.

Собранието ја регулира својата работа со посебен Деловник, кој се усвојува со мнозинство гласови од вкупниот број присутни членови.

**Член 19**

**Управен одбор**

Управниот одбор на организацијата ги има следниве надлежности;

- Раководи со Здружението помеѓу две седници на Собранието;
- Ги спроведува заедничките одлуки и заклучоци на Собранието;
- Го избира и разрешува Извршниот и Програмскиот директор;
- Ги застапува интересите на организацијата и нејзините членки;
- Учествува во обезбедувањето на финасиска поддршка за работата на организацијата;
- Поднесува извештај за својата работа пред Собранието;
- Врши надзор на работата на Извршната канцеларија;
- Предлага измени и дополнувања на Статутот.

- Донесува одлуки за формирање на комисии и тела за извршување на работи од негова надлежност
- Именува претставници на Здружението во други организации и Здруженија, органи на власта и меѓународни организации
- Работи на унапредување на единството и разбирањето на целите и принципите на Здружението, како и за неговиот целокупен развој и одржување.
- Врши други работи утврдени со законот кои не се во надлежност на друг орган на Здружението.

**Член 20**

Унапредувањето на организацијата во периодот меѓу две седници на Собранието го врши Управниот одбор. Управниот одбор е сочинет од минимум три (3), а максимум пет (5) члена на Управниот одбор, во кои спаѓа и Претседателот. Претседателот го избира Управниот одбор од своите редови.

Членовите на Управниот одбор се избираат на отворен конкурс кој се објавува на денот на најавување собранието и трае минимум 10 дена. Поднесувањето на кандидатурите се врши со кратка биографија и мотивациско писмо.

Членовите на Управен одбор не добиваат финансиски надомест за својата работа во рамките на одборот.

Управниот одбор за својата работа одговара пред Собранието.

Работата на Управниот одбор се регулира со посебен Деловник кој се усвојува со мнозинство гласови од вкупниот број од неговите членови.

Мандатот на Управниот одбор е две години, со можност за реизбор.

Управниот одбор се состанува минимум 6 пати годишно, а по потреба и почесто.

Состанок на Управниот одбор свикува и води Претседателот на Управниот одбор по претходна консултација со другите членови на УО.УО е должен да го најави состанокот минимум 7 дена пред неговото одржување.

Состаноците на Управниот одбор се јавни и на него може да присуствуваат сите членови на Здружението, како и Извршниот и Програмскиот директор, но без право на глас.

Во отсуство на Претседателот, состанокот го свикува и води член на Управниот одбор кој е избран од останатите членови.

Управниот одбор може полноправно да работи и одлучува доколку на состанокот присуствуваат повеќе од половина од членовите на УО.

УО одлучува со мнозинство гласови од присутните членови

За секој одржан состанок на УО, задолжително се води записник, кој се објавува и испраќа до членовите на Здружението по електронски пат, откако ќе биде усвоен, како и во Годишниот извештај за работата на УО.

Останатите прашања од работењето на УО се уредуваат со Деловникот за работа.

**Член 21**

За својата работа Управниот одбор е одговорен пред Собранието на Здружението.

Собранието може да го отповика Управниот одбор или одредени негови членови и пред истекот на мандатот, со мнозинство од вкупниот број гласови на Собранието, доколку оцени дека истите не ја извршуваат својата должност во согласност со одредбите на овој Статут, односно со одлуките на Собранието или по сопствено барање или во случај на околности според кој даден член на Управен одбор не е во можност да ја извршува својата функција.

**Член 22**

Членовите на Управниот одбор во секое време треба да се водата според целите и интересите на Здружението.

**Член 23**

**Извршен директор**

Извршниот директор се избира од страна на Управниот одбор на начин пропишан според правилник. Неговиот мандат е 3 години со право на реизбор. Извршниот директор воедно го застапува здружението во правниот промет со трети лица.

Извршниот директор ги има следните надлежности;

- Ги раководи и координира целокупните активности на Здружението;
- Распишува конкурси и носи одлуки за избор на лица на извршни функции во Здружението, заедно со Програмскиот директор;
- Ја претставува организацијата во јавноста и во комуникација со надворешни лица;
- Одговорен е за законитоста во работењето на Здружението и за правилна примена на Статутот и на општите акти;
- Поднесува извештај за својата работа до Управниот одбор, по претходно барање;
- Врши други работи.

Извршниот директор може да биде разрешен од должност по негово барање, во случај на губење на деловната способност, во случај на смрт или доколку несовесно и нестручно ги извршува своите должности утврди со законот, овој Статут и општите акти, за што одлука донесува Управниот одбор на Здружението.

Во случај Извршниот директор да биде отповикан или предвремено да ја напушти својата функција, до изборот на нов Извршен директор, неговата улога ја презема Програмскиот директор.

**Член 24**

**Програмски директор**

Програмскиот директор се избира од страна на Управниот одбор на начин пропишан според правилник. Неговиот мандат е 3 години со право на реизбор. Програмскиот директор е исто така законски застапник за Здружението во правниот промет со трети лица.

Програмскиот директор ги има следните надлежности:

- Ги координира програмите кои се дел од структурата на Здружението и е одговорен за имплементација на нивните активности;

- Ги развива постоечките и дава нови програмски решенија за остварување на целите на организацијата;
- Носи одлуки за избор на лица на извршни функции во Здружението, заедно со Извршниот директор;
- Ги набљудува, надгледува и контролира активностите во рамките на програмите на Здружението;
- Одговорен е за мониторирање и надгледување на буџетот во рамки на програмите на Здружението;
- Поднесува извештај за својата работа до Управниот одбор и по претходно барање;
- Врши други работи.

Програмскиот директор може да биде разрешен од должност по негово барање, во случај на губење на деловната способност, во случај на смрт или доколку несовесно и нестручно ги извршува своите должностите утврдени со закон, овој Стаут и општите акти, за што одлука донесува Управниот одбор на Здружението.

**ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 25**

Застапник на Здружението може да биде деловно способно физичко лице кое има живеалиште или претстојувалиште на територијата на Република Македонија, согласно со закон.

**Член 26**

Во правниот промет со трети лица ЛЕАД го застапува и претставува Извршниот директор и Програмскиот директор на ЛЕАД.

**ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЛЕАД**

**Член 27**

Работата на ЛЕАД е јавна.

Јавноста на работата се остварува преку издавање на разни периодични публикации и други облици на редовно и навремено информирање на јавноста, јавни гласила, интернет страници и друго.

Сите документи на ЛЕАД се архивираат и се достапни за јавноста.

**ФИНАНСИСКО- МАТЕРИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ**

**Член 28**

Финансиско- материјалното работење на ЛЕАД се врши врз основа на финансиски план и посебен интерен правилник за финансиско и материјално работење.

**Член 29**

ЛЕАД финансиското работење го обавува преку сопствена денарска и девизна жиро-сметка.

ЛЕАД за потребите на своето работење може да стекнува предмети, парични средства и имотни права.

ЛЕАД одговара за своите обврски со целиот свој имот и средства.

**Член 30**

За извршување на заедничките цели и задачи Л.Е.А.Д. обезбедува средства од:

- Членарина
- Доброволни прилози, подароци и оставини од правни и физички лица
- Спонзорства и донаторства
- Приходи од остварување на економски активности во согласност со Законот за здруженија и фондации и овој Статут.
- Други извори во согласност со законот.

**Член 31**

Овој Статут може да се менува само со одлука за измена и дополнување на Статуот донесена од страна на Собранието на ЛЕАД, донесена во согласност со одредбите на овој Статут и Деловникот за работа на Собранието.

Право на толкување на Статутот има Собранието на ЛЕАД, а во период помеѓу две седници на Собранието тоа право го има Управниот Одбор.

**Член 32**

Иницијатива за измена на Статутот може да поднесе секој член на Управен одбор и/или на Извршна канцеларија.

**Член 33**

Иницијативата за измена на Статутот се доставува до членовите на Собрание најмногу 10 дена по закажување на седницата на Собранието.

Иницијаторите за измена на Статутот ги доставуваат своите предлози во форма на амандмани до членовите на Собранието.

За усвојување на амандманите потребно е двотретинско мнозинство од присутниот број членови на Собранието.

**ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

Здружението престанува со работа во следниве случаи:

- Ако за тоа се изјаснат најмалку 2/3 од членовите на Собранието на Здружението;
- Ако бројот на членовите се намали под бројот определен со Закон за основање на Здружение ;
- Ако настапат причини утврдени по член 63 од Законот за здруженија и фондации.

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

**Член 34**

Во случај на престанок на работатата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на организација истоветна на здружението.

**Член 35**

Доколку не можат да се исполнат условите утврдени во Членот 34, во случај на престанување на работата на здружението неговиот имот преминува во сопственост на Република Македонија

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 36**

Сите прашања кои не се регулирани со овој Статут се регулираат со пониски правни акти.

**Член 37**

Статусни промени на ЛЕАД се вршат во согласност со законот, а по донесена одлука од страна на Собранието донесена со двотретинско мнозинство гласови.

Овој Статут е донесен на седница на Собранието на ЛЕАД кое се одржа на ден 11.03.2019

Оваа Одлука стапува во сила веднаш.

11.03.2019 г.

**Извршен директор**

Иван Јованов

**Програмски директор**

Илија Станковски